**20151784898**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 32 став (3) од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРОТ ПОТРЕБНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИЗВРШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на опремата и просторот кои се потребни за вршење на извршни работи.

Член 2

(1) Просториите во кои е сместена канцеларијата на извршителот треба да бидат посебна градежна целина, во местото каде е регистрирано седиштето на извршителот.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има најмалку две работни простории, чекална и тоалет. Вкупната површина на канцеларијата на извршителот не може да биде помала од 50 м2.

Член 3

(1) Канцеларијата на извршителот може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

(2) Канцеларијата на извршителот треба да биде сместена во објект кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него да не го доведува во прашање угледот на извршителот.

(3) Ако канцеларијата на извршителот се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до вториот кат.

Член 4

Канцеларијата на извршителот треба да биде уредна и чиста и треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, уредно сервисирани и согласно со прописите за заштита од пожари.

Член 5

(1) Канцеларијата на извршителот треба да има ормани со полици и сигурносни брави за сместување на архивата, заштитени од влага и пожар.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има телефон, скенер и фотокопир.

(3) Канцеларија на извршителот треба да има потребна канцелариска опрема: биро, столчиња за странките во работните простории и во чекалната, пресонален компјутер, печатар и други средства за пишување и друг потребен канцелариски материјал.

(4) Канцеларијата на извршителот треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати (токен за електронски потпис), компјутерски сервер и електронска опрема на која што може да чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, согласно Законот за архивски материјал.

Член 6

(1) Лицето кое е именувано за извршител најдоцна 30 дена од денот од кога е известено дека е именувано за извршител, поднесува барање за добивање на мислење од Комората на извршители на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората) заради констатирање дека работните простории и опремата во канцеларијата на извршителот, ги исполнуваат условите за работа согласно овој правилник.

(2) Барањето за добивање на мислење се доставува во писмена форма до Комората.

(3) Од страна на Комората се формира комисија која со непосредна проверка на предложените простории составува записник со мислење за исполнетоста на потребните услови пропишани во овој правилник.

(4) По добиеното позитивно мислење од Комората, именуваниот извршител може да отпочне со работа.

(5) Доколку мислењето во врска со површината и опременоста на работните простории е негативно, на лицето од став (1) на овој член му се остава дополнително време за отстранување на недостатоците утврдени во записникот на комисијата од став (3) на овој член.

(6) Доколку по дополнително оставеното време комисијата од став (3) на овој член утврди дека извршителот и понатаму не ги исполнува условите од членовите од 2 до 5 од овој правилник, лицето од ставот (1) на овој член може најдоцна до осум дена по приемот на мислењето да побара условите да ги утврди комисија формирана од страна на министерот за правда.

Член 7

(1) Извршителот кој донел одлука за промена на седиштето на канцеларијата најдоцна осум дена од денот на донесената одлука за промена поднесува барање за добивање мислење од Комората заради констатирање дека работните простории ги исполнуваат условите за работа согласно овој правилник.

(2) Од страна на Комората се формира комисија која со непосредна проверка на предложените простории составува записник со мислење за исполнетоста на потребните услови пропишани во овој правилник.

(3) По добиеното позитивно мислење од Комората, извршителот од ставот (1) на овој член, може да отпочне со работа во новото седиште на канцеларијата.

(4) Доколку мислењето во врска со површината и опременоста на работните простории е негативно, на извршителот од став (1) на овој член му се остава дополнително време за отстранување на недостатоците утврдени во записникот на комисијата од став (2) на овој член.

(5) Доколку по дополнително оставеното време комисијата од став (2) на овој член утврди дека извршителот и понатаму не ги исполнува условите од членовите од 2 до 5 од овој правилник, извршителот од ставот (1) на овој член може најдоцна до осум дена по приемот на мислењето да побара условите да ги утврди комисија формирана од страна на министерот за правда.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи (“Службен весник на Република Македонија” бр.90/05).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-2818/4
14 октомври 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.